S·T·O·B·I
INTERNATIONAL
ART
GALLERY

ГАЛЕРИЈА СТОБИ
GALERIJA STOBI
8.10-22.10 1994
ОТВОРАЊЕ
OPENING 20h
ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
С К О П Ј Е
тел. (091) 23 39 72

# Глигор ЧЕМЕРСКИ
# GLIGOR ČEMERSKI

## Стилски вежби

### Пофалба на раката

СТИЛСКИТЕ ВЕЖБИ на Глигор Чемерски се уште една ПОФАЛБА НА РАКАТА,на оној нерв на духот на уметникот што го диктира нејзиното движење и што зависи од неа.Пишувајки ги своите мемоари со боја,звук,облик,форма,цртеж,со тој нем и "слеп" орган што кажува толку многу нешта,со таа рака создадена од чувствителни зглобови,нерви,оние виугливи,енергични жили низ кои се "истура" бојата и обликува сликата,кои ја меморираат мислата од изворноста на просторот и времето,Чемерски ја подава и прифаќа раката,го става ореолот на Ѓото,Мазачо,Микеланџело,Рембрант, Гоја,Жерико,пренесувајки го тој ист ореол,таа кружна светлина од Матеј што го пишува Евангелието и од Михаило и Евтихие подавајки му повторно рака на докторот во Часот по анатомија со раце насочени кон светлоста на создавање НА и на меморирање на корените на овој простор.Овие раце живеат сами свој сопствен интензивен живот и го искажуваат предимството на највисокиот облик на животот.

*Викторија Васева Димеска*

Драга Викторија,

За тебе вежби од највисок стил,за мене природен закон на постоењето на уметноста,стасавме сепак и одново до позајмено име:СТИЛСКИ ВЕЖБИ.

Можам да го замислам Ѓото Дабондоне,некој така да го наречеше неговото "Оплакување на Христос" или "Бакнежот на Јуда"!Но зарем неговото сликарство не е всушност уште една "стилска вежба" пред големата Византија од комненскиот период или уште повеке,пред Михаило и Евтихие,кои едвај малку му предодеа?Истата тема,ист распоред на фигурите,истата ритмичка структура.Можеби и нашиот живот не е ништо друго туку "стилска вежба" научена од родителите.

Микеланџело "се вежба" на Мазачо,Рембрант на Мантења, Гоја и Жерико "вежбаат" на Рембрант.А Ван Гог,а Пикасо?Многумина ми тврдеа дека Византија е нешто мртво,труп без иднина.Треба да се причека за да се види,Големата уметност е како семето;знае да про`рти и по илјадници години.Секаде каде што сликите се хипнотички,цртачот е речиси аноним.А има и некаква неодгатлива но силна врска меѓу Распетието и "Одраниот бик" на Рембрант Ван Рајн......

Скопје,октомври,1994

срдечно твој

Глигор Чемерски


ВИЛИЌ НЕБОЈША

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ГРУПА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

Бул. К.Мисирков б.б.

91000 С К О П Ј Е